Јавно претпријатие за комунални дејности Комунална хигиена
БР 04-50/2
13.06 2018 год.
Новаци

# ОГЛАС

Јавното претпријатие Комунална Хигиена Новаци објавува **оглас за ангажирање на проектен менаџер и проектен асистент за потребите на проектот „Симбиотски мрежи за одржливо управување со органски отпад„ – СИМБИОЗА** кој ќе биде имплементиран во рамките на ИНТЕРРЕГ ИПА програмата за прекугранична соработка Грција-Република Македонија 2014-2020.

**Имплементатор на проектот:**

Јавно Претпријатие Комунална Хигиена Новаци

**Партнери во проектот:**

- Јавно Претпријатие КОМУНАЛЕЦ Битола (МК), водечки партнер;
- Јавно Претпријатие Комунална Хигиена Новаци, (МК), партнер;
- Здружение на граѓани Движење за околината МОЛИКА-ДОМ Битола (МК), партнер;
- Управување со отпад за Западна Македонија, Грција ДИАДИМА СА, Кожани (ГР), партнер;
- ИННОПОЛИС - Центар за иновации и култура, Крф, (ГР), партнер;
- Национален Технички Универзитет Атина (ГР) партнер.

**Цели на проектот:**

**Главната цел** на проектот е да се воспостави интегриран, одржлив систем за управување со органски отпад, како и да се развие шема за тргување помеѓу партнерските региони на Грција и Пелагонискиот регион во Македонија.

**Специфичните цели** на проектот се:

1. Да се воспостави индустриска ефикасност на ресурсите преку тргување со органски материјал и споделување на средства;

2. Да се создадат индустриски одржливи мрежи, особено во агро-прехранбената индустрија;

3. Да се постигне максимална ефикасност на енергијата и користење на водата;

4. Да се определи референтна точка каде што побарувачката ќе се сретне со понудата на био-отпадот;

5. Да се подобри локалната политика на управување со приливот на био-отпад согласно насоките и политиката на ЕУ за намалување на био-отпад кој се одлага во депониите и негово подобро искористување за други намени;

6. Да се подобри влијанието кон животната средина преку намалување на изворите на био-отпад што се одлага на депониите;

7. Да се генерираат опипливи социјални придобивки за локалните заедници преку подобро користење на био ресурсите од прехранбената индустрија во корист на општествените дејности и создавање на работни места;

8. Да се подобри соработката меѓу секторите и бизнисите во прекуграничниот регион и на тој начин да се подобрат локалните економии и развојот на претприемништвото;

9. Да се поддржат локалните економии кои користат суровини или горива кои доаѓаат од био-отпад;

10. Да се промовира создавањето на нови работни места во регионите во секторот на трговија и користење на отпадот како ресурс.

**Времетраење на проектот:**

Имплементацијата на проектот ќе се довива во период од 24 месеци, односно од 09/05/2018 до 08/05/2020.

**Работни задачи на проектниот менаџер и проектен асистент:**

- Координација, управување и следење на имплементацијата на активностите кои се во надлежност на Ј.П Комунална Хигиена Новаци согласно Договорот за финансиска поддршка и останатата документација на проектот;
- Управување со финансиските средства кои согласно Договорот за финансиска поддршка и Буџетот на проектот се наменети за активностите кои ќе бидат имплементирани од Ј.П Комунална Хигиена Новаци;
- Комуникација со Договорниот Орган и сите проектни партнери во врска со сите клучни прашања за успешната имплементација на проектот;
- Развој на работни материјали потребни за реализацијата на проектот;
- Подготовка на тендерските материјали за набавките кои се во надлежност на Ј.П Комунална Хигиена Новаци;
- Водење на редовна, точна и навремена административна и финансиска евиденција и архива на проектната документација;
- Изработка на извештаи за напредокот на проектот (вкупно 4 извештаи) и нивно навремено доставување до Водечкиот партнер на проектот;

**Потребни квалификации:**

- познавање на англиски јазик
- завршено високо образование
- знаења и вештини за работа со компјутери
- предходно искуство во раководење со проекти во областа на човековите права

**Временска рамка на ангажманот:**

Проектот трае 24 месеци во кои проекниот менаџер треба да одработи 184 денови според Time sheet, проекниот асистент 240 работни денови во текот на проектот.

**Локација:**

Активностите на проектот ќе се одвиваат во просториите на Јавно Претпријатие Комунална Хигиена Новаци и по потреба состаноци и настани со партнерите на проектот

**Кандидатите треба да ги доставаат следните документи:**

- Кратка биографија (CV) во европски формат

**Напомена:** Ќе се смета за предност претходно работно искуство со раководење на проекти од ИПА ПРОГРАМАТА.

**Краен рок за доставување на документите е 19.06.2018 година.**

Бараните документи можат да се достават на електронската адреса: **borcebambal@hotmail.com** со назнака за која позиција е заинтересиран кандидатот.

**Напомена:** Изборот ќе го изврши комисија и само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг ќе бидат контактирани и повикани на интервју.

Директор на ЈП

"Комунална Хигиена" Новаци

________________________

Борче Јовановски